**20250962129**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 24-б став (9) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДНА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА ОЛИМПИЈАДА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада.

Член 2

Образецот на барањето од член 1 од овој правилник, се печати на хартија со бела боја во А4 формат и е даден во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-6059/3
14 мај 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска,** с.р.

**Прилог**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

ПРИМЕНО .20___ година

Здружение ____________________________________
Место ____________________________________
Архивски број _______________________

**БАРАЊЕ**
**ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА КОТИЗАЦИЈА И ПАТ ЗА УЧЕСТВО НА ЕДНА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА ОЛИМПИЈАДА**

Од ________________________________________________ од _______________________, контакт
(целосен назив на акредитираното здружение на наставници) (место)

телефон _____________________________, е - адреса_________________________________________

ул. _________________________________________________ бр. ____________ број на жиро сметка

____________________________________ депонент на _________________________________ банка.

Согласно „Јавниот повик за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на една меѓународна научна олимпијада (International Science Olympiad)“ доставувам:

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Известување за извршен избор на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите | ДА НЕ |
| 2 | Известување за ментори на учениците кои ќе учествуваат на меѓународниот натпревар и податоци за истите | ДА НЕ |
| 3 | Известување од организаторот на меѓународен натпревар за висината на котизацијата за учество на натпреварот | ДА НЕ |
| 4 | Пресметка за висината на патните трошоци | ДА НЕ |

Подносител на барањето

_____________________